

**ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „СИЛЈАН МИЦЕВСКИ“ ОД АВТОРИТЕ СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН И ЃОРЃИ ЛУМБУРОВСКИ**

Монографијата „Силјан Мицевски“ за бизнисменот од Битола е дело на Славе Николовски-Катин во коавторство со Ѓорѓи Лумбуровски, а е подготвена од Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје, во 2014 и во 2018 година, на 320 страници, на македонски јазик. Се очекува монографијата во најскоро време да биде отпечатена.

Рецензенти на монографијата за Силјан Мицевски, угледниот македонски стопанственик, спортист, поддржувач на културата, уметноста и спортот, донатор, актуелен почесен конзул на Република Србија во Република Македонија и поранешен градоначалник на Општина Битола, се академик Владо Камбовски и проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ.

Инаку, Силјан Мицевски-Циле, како често го викаат неговите блиски е роден на 16 октомври 1945 година во Битола. Тогаш во семејството Силјанови славењето било

големо и радоста неизмерна, особено за мајката Василка (1917-2001) и таткото Јован (Јонче како што сите го викале) Мицески (1915-1971). После првата рожба, сестрата Нада (1935) и братот Благој (1939), трета среќа бил Силјан (1945) кој дошол во ова семејно гнездо како најмалечко чедо.

Во монографијата „Силјан Мицевски“ е забележано дека тој по завршувањето на гимназијата, прво, се запишал на Правниот факултет во Белград, а потоа на Економскиот факултет во Прилеп, кој го завршил со висок просек, во 1975 година. Но, тука не запрел. Отишол понатаму. Предизвик му била науката. По извесен период, магистрирал во Софија, на отсекот Економија и менаџмент, со што се стекнал со титулата магистер по менаџмент.

Почетокот на работата на ГП „Пелистер“ датира од 1968 година, кога работело под името „Уметност“, занимавајќи се со градежно занаетчиство. Од 1977 година почнува да се занимава со покрупни зафати на градежни работи и тогаш формира голема градежна оператива со фузирањето на четирите помали градски оперативи: „Млад ѕидар“, „Солидна работа“, градежниот погон на КИБ „Битола“ и „Уметност“. Со константен подем и рапидно темпо на пораст, ГП „Пелистер“ станува комплетен изведувач од проект, преку градба, па сѐ до предавање на објектот по принципот „клуч на рака“.

М-р Силјан Мицевски е првиот човек на градежното претпријатие „Пелистер“. Неговото семејство поседува близу 50 аптеки „Еурофарм“ низ цела Македонија. Поседува капитал и во повеќе компании низ Македонија што се занимаваат со градежништво. Инаку, важи за човек што со години помага во битолскиот спорт, културата, а им помогнал и на голем број битолчани.


Р.К.ПЕЛИСТЕР
19
55
БИТОЛА
RK EUROFARM
PELISTER



**Пишува: СЛАВЕ  КАТИН**